ОСНОВНИОТ СУД ВО РЕСЕН, како оставински суд, составен од судијата Виолета Крстиновска, како судија поединец, со записничарот Жанета Лабачевска, во постапка по оставината на пок. Флора Ристевска бивша од Ресен, на ден 27.11.2010 год., го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ЗАПИРА постапката на пок. Ристевска Флора бивша од Ресен, родена на 19.03.1920 год., а починала на 07.07.2009 год., државјанин на РМ, ЗАРАДИ НЕМАЊЕ ИМОТ.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

За расправање на оставината на пок. Флора судот спроведе постапка, прибави смртовница, податоци за имотот, па на основа тоа го утврди следното:

Пок. Флора починала на 07.07.2009 год. во с. Стење - Ресен, а наследници од прв наследен ред немала.

Спрема прибавениот писмен податок од Матичната служба Царев Двор и од имотниот лист бр.1520 за КО Ресен на Одделението за премер и катастар Ресен произлегува дека истата немала имот, односно со договор за доживотна издршка. Зав. НД.бр.5/03 од 15.10.2003 год. истиот бил префрлен на име Ивановски Илче од с. Стење.

Заради предното, а согласно чл.165 од ЗВП судот одлучи како во изреката на ова решение.

Записничар,
Жанета Лабачевска.ср.

Судија,
Виолета Крстиновска.ср.

ПОУКА: Дозволена е жалба во рок од 8 дена од приемот, преку овој суд до Апелационен суд Битола.

Д-НА: Учесникот Илче Ивановски од с.Стење.



ОСНОВЕН СУД РЕСЕН РМ IV
Верно со оригиналот